**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**02.02.2026 год.**<br>**БРОЈ 2 ГОДИНА 60** |


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници и техничкиот персонал вработени во ЈОУДГ „Јасна Ристеска” - Охрид за 2026 година. | |
| **2.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за 2026 година. | |
| **3.** | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за зголемување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите. | |
| **4.** | Одлука за отстапување на користење недвижен имот на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид. | |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис на средствата и обврските изготвен од Централната пописна комисија со состојба на ден 31.12.2025 година. | |
| **6.** | Одлука за отпис на побарувања и обврски на Општина Охрид. | |
| **7.** | Одлука за отпис и расходување на основни средства сопственост на Општина Охрид. | |
| **8.** | Одлука за усвојување на детална физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-13633/1 од 30.09.2025 год. и исправка кон детална физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-2568/1од 26.02.2026 година. | |
| **9.** | Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на | |

| | | |
|---|---|---|
| | фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид. | |
| **10.** | Одлука за започнување постапка за присоединување на ЈП„Градски пазар“ - Охрид кон ЈП„Градски гробишта“ - Охрид. | |
| **11.** | Одлука за започнување постапка за ликвидација на ЈП„Погребни услуги“ - Охрид. | |
| **12.** | Одлука за усвојување на Елаборат за проценка на штети од голомразица во општина Охрид на ден 06.04.2025 година. | |
| **13.** | Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година. | |
| **14.** | Развојна Програма ЈГ изградба на системи за водоснабдување за 2026-2028 година-Подпрограма ЈГЦ реализација на „Основен проект за мониторинг и управување СКАДА (SKADA) систем за водоснабдителен систем на град Охрид и изработка на ГИС систем со интеграција на двата системи“. | |
| **15.** | Програма за измена и дополнување на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2026-2028. | |
| **16.** | Програма за измена и дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја за период од пет години (јануари 2026 - јануари 2031). | |
| **17.** | Одлука за подигање спомен - обележје - спомен парк, посветен на Шестата македонска бригада и Генералот на НОВ и ПОМ, народен херој Михајло Митев Апостолски. | |
| **18.** | Одлука за давање согласност на правилникот за регулирање на процесот пресметка и наплата на надоместокот за уредување градежно земјиште | |
| **19.** | Правилникот за регулирање на процесот пресметка и наплата на надоместокот за уредување градежно земјиште | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ ВРАБОТЕНИ ВО ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА” - ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници и техничкиот персонал вработени во ЈОУДГ „Јасна Ристеска” - Охрид за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ ВРАБОТЕНИ ВО ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА” - ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници и техничкиот персонал вработени во ЈОУДГ „Јасна Ристеска” - Охрид за 2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска” - Охрид бр.02-51/3 од 02.02.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2217/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ И НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/22** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ И НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за 2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид бр.02-51/4 од 02.02.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/4**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за зголемување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/23**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за зголемување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид бр.02-51/1 од 02.02.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/5**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отстапување на користење недвижен имот на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/24**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид, во својство на основач на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“- Охрид му отстапува на користење недвижен имот на кој општина Охрид има право на сопственост, лоциран на улица „130“ бр.24 населба „Радојца Новичиќ“ во Охрид, запишана во ИЛ бр. 103375 КО Охрид 4, на КП 1925/1.

Недвижниот имот се отстапува за потребите на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид со следните простории:

- објект бр. 1, влез 1 ПР, намена на посебен дел на зграда ДПД, со површина од 80 м2;
- објект бр. 1, влез 1 ПР, намена на посебен дел на зграда ДПД, со површина од 528 м2;

- објект бр. 2, влез 1 ПР, намена на посебен дел на зграда ПП, со површина од 11 м2;
- објект бр. 2, влез 1 ПР, намена на посебен дел на зграда ДПД, со површина од 304 м2;
- објект бр. 3, влез 1 ПР, намена на посебен дел на зграда П, со површина од 27 м2.

Вкупната површина која се отстапува е 950 м2.

**Член 2**

Објектот од член 1 на оваа Одлука се отстапува на користење на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид за остварување на дејноста - згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст, што е од посебен јавен интерес.

Користењето на објектот од страна на корисникот ќе биде без надоместок.

**Член 3**

Сите тековни трошоци за користење и одржување на објектот ќе ги сноси ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да склучи договор со директорот на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на наведениот објект.

**Член 5**

Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката донесена од Советот на општина Охрид бр.07-6092/29 од 30.06.2014 година.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/6**
**27.02.2026 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ГОДИШЕН ПОПИС НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ ИЗГОТВЕН ОД ЦЕНТРАЛНАТА ПОПИСНА КОМИСИЈА СО СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2025 ГОДИНА

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис на средствата и обврските изготвен од Централната пописна комисија со состојба на ден 31.12.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/25**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници („Сл. весник на РМ“ бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/2015, 170/17 и 222/21), член 29-35 од Правилник за сметководство за буџети и буџетски корисници („Сл. весник на РМ“ бр.28/03, 62/06, 08/09, 175/11 и 101/13) и Решението за усвојување на Извештајот за извршен попис на средства и обврски со состојба на ден 31.12.2025 година бр.09-1394/1 од 05.02.2026 година донесено од страна на Градоначалникот на Општина Охрид, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ГОДИШЕН ПОПИС НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ ИЗГОТВЕН ОД ЦЕНТРАЛНАТА ПОПИСНА КОМИСИЈА СО СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2025 ГОДИНА

1. Се усвојува извештајот од Централната пописна комисија за извршениот годишен попис на средствата и обврските со состојба на ден 31.12.2025 година, бр.05-1182/1 од 02.02.2026 година поднесен од централната пописна комисија.

2. Оваа Одлука заедно со целокупниот пописен материјал (извештаи, пописни листови, изјави, спецификации и др.) да се достави до Сектор за финансиски прашања.

3. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/7**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПИС НА ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отпис на побарувања и обврски на Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

| | |
|---|---|
| **Број 09- 2217/26** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **27.02.2026 год.** | **Градоначалник,** |
| **О х р и д** | **Кирил Пецаков, с.р.** |

Врз основа на член 21 од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници („Сл.весник на РМ“ бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/2015, 170/17 и 222/21), член 29-35 од Правилник за сметководство за буџети и буџетски корисници („Сл.весник на РМ“ бр.28/03, 62/06, 08/09, 175/11 и 101/13) и Решението за отпис на побарувања и обврски на Општина Охрид бр.09-1395/1 од 05.02.2026 година донесено од страна на Градоначалникот на Општина Охрид, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПИС НА ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на побарувања и обврски на Општина Охрид.

**Член 2**

Отписот на побарувања и обврски се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на побарувања и обврски со состојба 31.12.2025 година бр.09-17042/12 од 09.01.2026 и извештајот од Централна пописна комисија за извршениот годишен попис на средствата и обврските со состојба на ден 31.12.2025 година, бр.05-1182/1 од 02.02.2026 година, како и Решението за отпис на побарувања и обврски на Општина Охрид бр.09-1395/1 од 05.02.2026 година донесено од страна на Градоначалникот на Општина Охрид, врз основа на заклучокот дека не постои можност побарувањата да бидат наплатени и застареност на истите. Обврските се отпишуваат заради застареност.

**Член 3**

Видот и износот на отпишаните побарувања и обврски е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на вредноста на побарувањата и обврските на Општина Охрид. Правото на евиденција и отпишување на паричната вредност ќе ја спроведе Секторот за финансиски прашања на општина Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПИС И РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отпис и расходување на основни средства сопственост на Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници (Сл. весник на РМ бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/2015, 170/17 и 222/21), член 29-35 од Правилник за сметководство за буџети и буџетски корисници (Сл. весник на РМ бр.28/03, 62/06, 08/09, 175/11 и 101/13) и Решението за отпис и расходување на основни средства сопственост на Општина Охрид бр.09-1396/1 од 05.02.2026 година донесено од страна на Градоначалникот на Општина Охрид, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПИС И РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на основните средства сопственост на Општина Охрид.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на основните средства се врши на предлог на поединечните комисии за вршење на попис на основните средства за 2025 година и Извештајот од централна пописна комисија, како и Решението за отпис и расходување на основни средства сопственост на Општина Охрид бр.09-1396/1 од 05.02.2026 година донесено од страна на Градоначалникот на Општина Охрид, поради нивна дотраеност или неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходуваните основни средства се утврдува по спецификација, која е составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

Донесување на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на основните средства. Правото на евиденција и отпишување на паричната вредност ќе ја спроведе Секторот за финансиски прашања на Општина Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/9**
**27.02.2026 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕТАЛНА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ПАТ НА ЈПП БР.14-13633/1 ОД 30.09.2025 ГОД. И ИСПРАВКА КОН ДЕТАЛНА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ПАТ НА ЈПП БР.14-2568/1ОД 26.02.2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на детална физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-13633/1 од 30.09.2025 год. и исправка кон детална физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-2568/1од 26.02.2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕТАЛНА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ПАТ НА ЈПП БР.14-13633/1 ОД 30.09.2025 ГОД. И ИСПРАВКА КОН ДЕТАЛНА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ПО ПАТ НА ЈПП БР.14-2568/1ОД 26.02.2026 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** детална Физибилити студијата со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-13633/1 од 30.09.2025 година и исправка кон детална Физибилити студијата со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-2568/1 од 26.02.2026 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/29**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ“ број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), член 18 од Статутот на Општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Одлуката за усвојување на физибилити студија за избор на најповолен модел за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид и отпочнување постапка за изработка на физибилити студија за воспоставување јавно приватно партнерство бр.08-6525/28 од 30.04.2025 година, Деталната физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-13633/1 од 30.09.2025 година, Исправката кон Деталната физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-2568/1 од 26.02.2026 година и Одлуката за усвојување на деталната физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-13633/1 од 30.09.2025 година и Исправката кон Деталната физибилити студија со финансиска анализа за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид по пат на ЈПП бр.14-2568/1 од 26.02.2026 година, бр.08-2217/10, Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид(во натамошен текст: договор за воспоставување на јавно приватно партнерство).

Оправданоста од доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство е утврдена согласно направените анализи, а се базира на наодите од деталната физибилити студијата а градот Охрид со спроведување на јавно приватно партнерство ќе овозможи енергетска независност и зголемување на вредноста на општинскиот имот.

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се реализира според моделот:(DBFO) според кој одржувањето, изградбата , финансирањето и работењето на јавната инфраструктура е во надлежност на приватниот партнер а по истекот на концесискиот период стануваат сопственост на општината.

**Член 2**

Цели кои се очекува да се остварат преку доделување на договорот за ЈПП се:

1. Намалување на трошоците за електрична енергија;
2. Еколошка одржливост(намалување на емисијата на штетни гасови);
3. создавање на можност за енергетска независност и сигурност на општина Охрид;
4. Здравствени придобивки(фотоволтаичните централи не емитуваат СО2 и не ја загадуваат животната средина);
5. Овозможуваат енергетска независност на објектите;
6. Зголемување на вредноста на општинскиот имот;
7. Искористување на обновливите извори на енергија(сонцето);
8. Имаат долг век на траење и потребно им е само површинско чистење.

**Член 4**

Предмет на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство е:

Поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид.

Проектот ќе се реализира како договорно партнерство во воспоставување на ЈПП преку Договор за ЈПП за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид.

**Член 5**

Вредноста на инвестицијата изнесува 392.813 евра. Трошоците за оперативно одржување во целиот период на договорот изнесуваат 214.181 евра.

**Член 6**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се додели за период од 19 години при што рокот почнува да тече од датумот на склучување на договорот, на понудувач што ќе успее да ги задоволи условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

Пред истекот на рокот од ставот 1 на овај член, приватниот партнер е должен фотоволтаичните централи да ги предаде во владение на Општина Охрид во исправна состојба.

**Член 7**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се додели преку спроведување на отворен повик во согласност со одредбите од Закон за концесии и јавно приватно партнерство и Законот за јавни набавки, кој ќе започне во рок не подолг од 60 дена од денот на стапување во сила на оваа Одлука.

**Член 8**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид, по влегување во сила на оваа Одлука да формира Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договор за ЈПП, која треба да се состои од претседател и најмалку 4(четири) членови и нивни заменици од редот на општинската администрација и надворешни стручни лица.

Комисијата е потебно да ја подготви, организира и спроведе постапката за доделување на договор за ЈПП( подготовка на тендерската документација, објавување на јавниот повик, отворање на понудите и изготвување на записник од отворање, евалуција на понудите, изготвување на извештај за спроведена постапа и предлог одлука за избор).

Договорот за ЈПП со избраниот приватен партнер го изготува правната служба на општина Охрид.

**Член 9**

Критериум за евалуирање и избор на најповолна понуда ќе биде количината на произведената електрична енергија, која приватниот партнер ќе му ја понуди на јавниот партнер над минимум загарантираните 25% од вкупно произведена електрична енергија.

**Член 10**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација се определува на износ од 15.000,оо денари.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Бр. 08-2217/11**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ЈП„ГРАДСКИ ПАЗАР“ - ОХРИД КОН ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за започнување постапка за присоединување на ЈП„Градски пазар“ - Охрид кон ЈП„Градски гробишта“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/30** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 9 и 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ЈП„ГРАДСКИ ПАЗАР“ - ОХРИД КОН ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за присоединување на ЈП„Градски пазар“ - Охрид кон ЈП„Градски гробишта“ - Охрид бр.02-58/4 од 27.01.2026 година, донесен од Управниот одбор на ЈП„Градски пазар“ - Охрид бр.02-58/5 од 27.01.2026 година и Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид бр.02-64/2 од 27.01.2026 година.

**Член 2**

**СЕ ЗАПОЧНУВА** постапка за присоединување на ЈП„Градски пазар“ - Охрид основано од општина Охрид, кон ЈП„Градски гробишта“ - Охрид основано од општина Охрид, како правен следбеник.

**Член 3**

Со денот на запишување на присоединувањето во Централниот регистар, ЈП„Градски пазар“ - Охрид престанува да постои како посебен правен субјект, а ЈП„Градски гробишта“ - Охрид ги презема сите права, обврски, средства, вработени и договори.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да формира комисија за спроведување на постапката и да ги преземе сите потребни дејствија согласно закон.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2217/12**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЈП„ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за започнување постапка за ликвидација на ЈП„Погребни услуги“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/31**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 9 и 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЈП„ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата и **СЕ ЗАПОЧНУВА** постапка за ликвидација на ЈП„Погребни услуги“ - Охрид, основано од општина Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ОД ГОЛОМРАЗИЦА ВО ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 06.04.2025 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на Елаборат за проценка на штети од голомразица во општина Охрид на ден 06.04.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.26/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ОД ГОЛОМРАЗИЦА ВО ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 06.04.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за проценка на штети од голомразица во општина Охрид, со број 03-2095/1 од 16.02.2026 година за штета настаната на ден 06.04.2025година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/14**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

# ЕЛАБОРАТ
## За процена на штети од голомразица во општина Охрид

***Општ дел***

Дел од потесното подрачје на општина Охрид, на ден 06.04.2025 година го зафати елементарна непогода 05 - голомразица при што беа причинети штети на долгогодишни земјоделски култури.

***Предмет на елаборатот***

Предмет на овој Елаборат е процена на штетата настаната од 05 - голомразица на 06 април 2025 година, согласно барања за процена на 310 физички лица за катастарски парцели во катастарски општини на населени места во Охрид и селата Вапила, Велгошти, Горно Лакочереј, Долно Лакочереј, Косел, Лескоец, Ливоишта, Љубаништа, Опеница, Оровник, Рамне, Речица и Сурула и две барање од правни лица, едно правно лице за катастарска општина Долно Лакочереј и едно правно лице за катастарска општина Љубаништа

Изработувач на Елаборатот е Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана со Одлука на Совет на општина Охрид бр.08-653/11 од 31.01.2022 год., Одлука за изменуцање на одлуката за формирање комисија бр. 08-8747/38 од 05.07.2024 год и бр.08-577/10 од 29.01.2026 година.

Елаборатот е изработен согласно Единствената методологија за процена на штети од елементарни и други непогоди, ( Сл.Весник на РМ бр.181/21 ) и врз основа на поединечните проценки за секоја парцела. Елаборатот ги изнесува збирните резултати за проценетата штета на земјоделските култури, како и причините, големината и последиците од штетите. Комисијата процената и утврдувањето на висината на штетата ја изврши врз основа на поднесените барања од оштетените субјекти во општината, со непосредно излегување на терен и директен увид.

Применетите цени во процената се согласно ценовниците на Земјоделскиот пазарен информативен систем за земјоделски култури во периодот кога е вршена процената и откупниот центар во Ресен. Количините се согласно податоците изразени во Статистичкиот годишник на РСМакедонија за 2025 година.

***Вид, карактеристики и причини за штетите***

Причина за настанатите штети се појавата на природна непогода 05 - голомразица, согласно Единствената методологија за процена на штети од елементарни и други непогоди.

Под дејство на голомразицата настанато е оштетување и е предизвикана материјална штета врз овошни насади.

***Големина на зафатено подрачје***

До Комисијата поднесени се барања за процена на катастарски парцели за настанати штети и тоа:

- Катастарска општина Вапила
- Катастарска општина Велгошти
- Катастарска општина Горно Лакочереј вонград
- Катастарска општина Долно Лакочереј вонград
- Катастарска општина Косел
- Катастарска општина Лескоец
- Катастарска општина Ливоишта
- Катастарска општина Љубаништа
- Катастарска општина Опеница
- Катастарска општина Оровник
- Катастарска општина Охрид
- Катастарска општина Рамне
- Катастарска општина Речица
- Катастарска општина Сирула

Од 312 барања за штети настанати на земјоделски површини, од физички лица и две правни лица, на повеќе катастарски општини. Степенот на оштетување по култури и катастарски општини е различен и се движи од 30 – 90 %.

Комисијата изврши увед на сите катастарски парцели за кои е побарано процена и согласно Единствената методологија изготви процена на износот на причинета штета со вкупен износ од :

- 226.503.580,90 Средства во сопственост на физички лица
- 20.697.879,00 Средства во сопственост на правни лица

КО Вапила

За КО Вапила поднесени се 5 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 2.015.770,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши и лешник.

КО Велгошти

За КО Велгошти поднесени се 15 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 5.193.970,40 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, ореви, сливи, праски, кајсии, и лешник.

КО Горно Лакочереј

За КО Г.Лакочереј поднесени се 76 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 57.571.052,50 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка, цреши, сливи, праски, бадем, лешник и орев.

КО Долно Лакочереј

За КО Д.Лакочереј поднесени се 95 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 69.457.379,60 ден. и тоа за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, јаболка, ореви, сливи, праски, лешник и круши во износ од 68.964.524,60 ден. и една пријава од правен субјект за насади од јаболка каде проценетата штета изнесува 492.855,00 ден.

КО Косел

За КО Косел поднесени се 58 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 49.957.971,10 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, јаболка, ореви, лешник, праски и сливи.

КО Лескоец

За КО Лескоец поднесени се 44 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 18.658.875,50 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, праски, сливи, ореви, бадеми и лешник.

КО Ливоишта

За КО Ливоишта поднесена е 2 ( две ) пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 484.500,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од лешник.

КО Љубаништа

За КО Љубаништа поднесени се 2 ( две ) пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 21.278.754,00 ден. и тоа за штета во сопственост на физички лица за насади од цреши, јаболка и кајсии во износ од 1.073.730,00 ден. и една пријава од правен субјект за насади од цреши, кајсии, сливи и праски каде проценетата штета изнесува 20.205.024,00 ден.

КО Опеница

За КО Опеница поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 207.900,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од круши.

КО Оровник

За КО Оровник поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 476.000,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од ореви.

КО Охрид

За КО Охрид поднесени се 40 пријави за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 21.291.518,80 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од јаболка, цреши, сливи, круши, ореви, лешник и праски.

КО Рамне

За КО Рамне поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 193.800,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од ореви.

КО Речица

За КО Речица поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 12.768,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од сливи.

КО Сирула

За КО Сирула поднесена е 1 ( една ) пријава за процена на штета на земјоделски култури со проценета штета од 401.200,00 ден. за штета во сопственост на физички лица за насади од орев и лешник.

Збирните резултати за проценетите штети по видови на култури, површини, очекуван принос, цени и вредност во денари на ниво на општина Охрид, согласно Упатството на Единствената методологија се искажани во посебни табели кои се во прилог на Елаборатот, дадени на усвојување на Советот на Општина Охрид и со кој предлагаме Владата на РСМ да додели помош на барањата во износ од 247.201.459,90 ден.

***Завршен дел***

Процената на штети од невремето на 06.04.2025 година ја изготвува општинската Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природните непогоди и други несреќи, со одлука на Совет на општина Охрид бр. бр.08-653/11 од 31.01.2022 год., Одлука за изменуцање на одлуката за формирање комисија бр. 08-8747/38 од 05.07.2024 год и бр.08-577/10 од 29.01.2026 година.

Елаборатот го разгледува и усвојува Советот на општина Охрид и истиот се доставува до државната комисија за процена и утврдување нависина на штети настанати од природни непогоди при Министертвото за финансии и до Влада на РСМ.

Составен дел на Елаборатот се табеларните прегледи и тоа:

- Табела 1
- Табела 2
- Табела 3

- Табела 4
- Табела 5
- Табела 9

Образец:

- Ш – 03
- Ш – 08

Прилог табели:

Табела 1

Збирен преглед на штети по видови, средства и сопственост

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 05 –голомразица 2025 година

Во илјади денари (/1000 )

| | Вкупна штета | | | На средства на деловни субјекти | | | На средства сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | вкупно | На оштетени средства | На уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Вкупно | 247.201 | 247.201 | / | 20.679 | 20.697 | / | 226.503 | 226.503 | / |
| Земјиште | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Градежни објекти | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Опрема | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Обртни средства | 247.201 | 247.201 | / | 20.679 | 20.679 | / | 226.503 | 226.503 | / |

Табела 2

Преглед на штети по области

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 05 –голомразица 2025 година
Во илјади денари (/1000 )

| НКД рев.2 сектор | Број на единиците | Вкупна штета ( 4 + 5+6 + 7 ) | Штети на средства | | Трошоци | Штети заради намалено производство или неостварен приход |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | оштетени | Уништени | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Вкупно | | 247.201 | 247.201 | / | / | / |
| А.Земјоделство, | | 247.201 | 247.201 | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| шумарство и рибарство | | | | | | |

Табела 3

Преглед на штети по деловни субјекти

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 05 –голомразица 2025 година

Во илјади денари (/1000 )

| Назив и место на правното лице | Вкупна штета ( 3+4+5+6 ) | Штети на средствата | | Трошоци | Штети заради намалено производство или неостварен приход |
|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетени | уништени | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Ген –пром | 492 | 492 | / | / | / |
| Јангце | 20.205 | 20.205 | | | |
| Вкупно: | 20.697 | 20.697 | / | / | / |

Табела 4

Преглед на штети по месни заедници и по сопственост

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 05 –голомразица 2025 година
Во илјади денари (/1000 )

| | Вкупна штета | | | На средства на правни лица | | | На средства сопственост на физички лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | оштетени средства | уништетени средства | вкупно | оштетени | уништени | вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Вкупно | 247.201 | 247.201 | | 20.697 | 20.697 | | 226.503 | 226.503 | |
| Вапила | 2.015 | 2.015 | / | / | / | / | 2.015 | 2.015 | / |
| Велгошти | 5.193 | 5.193 | / | / | / | / | 5.193 | 5.193 | |
| Горно Лакочереј | 57.571 | 57.571 | / | / | / | / | 57.571 | 57.571 | / |
| Долно Лакочереј | 69.457 | 69.457 | / | 492 | 492 | / | 68.964 | 68.964 | / |
| Косел | 49.957 | 49.957 | / | / | / | / | 49.957 | 49.957 | / |
| Лескоец | 18.658 | 18.658 | / | / | / | / | 18.658 | 18.658 | / |
| Ливоишта | 484 | 484 | / | / | / | / | 484 | 484 | / |
| Љубаништа | 21.278 | 21.278 | / | 20.205 | 20.205 | / | 1.073 | 1.073 | / |
| Опеница | 207 | 207 | / | / | / | / | 207 | 207 | / |
| Оровник | 476 | 476 | / | / | / | / | 476 | 476 | / |
| Охрид | 21.291 | 21.291 | / | / | / | / | 21.291 | 21.291 | / |
| Рамне | 193 | 193 | / | / | / | / | 193 | 193 | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Речица | 12 | 12 | / | / | / | / | 12 | 12 | / |
| Сирула | 401 | 401 | / | / | / | / | 401 | 401 | / |

Табела 5

Преглед на штети по видови и групи на средства според сопственост на физички лица

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 05 –голомразица 2025 година

Во илјади денари (/1000 )

| | Единица мерка | Количество | | Износ на штета во илјади денари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетени | Уништени | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно ( 5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Вкупно | | 4.956 | / | 226.503 | / | 226.503 |
| Обртни средства | | | | | | |
| 6370 | t | 4.956 | / | 226.503 | / | 226.503 |

Табела 9

Преглед на штети на неосигурени средства и добра по видови и групи на средства според сопственост на физички лица

Територија: Општина Охрид Причина на штетата и година: 05 –голомразица 2025 година

Во илјади денари (/1000)

| | Единица мерка | Количество | |
|---|---|---|---|
| | | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Вкупно | | 4.956 | / |
| Обртни средства | | | |
| 6370 | t | 4.956 | / |

Процена на штета од 05 Образец Ш-03

Реден бр. на образецот 1

Штети на други средства и добра

1. Податоци за единица за која се врши процена

а) Назив на правно лице: ГЕН - ПРОМ увоз – извоз Долно Лакочереј Охрид ДООЕЛ

Име и презиме на сопственикот: Гоце Трајкоски

б) Матичен број на правното лице: 4341074

ЕМБГ на сопственикот: 1911973430005

Реден број на единицата во нејзин состав

в) Облик на организирање: 05.4 – друштво со ограничена одговорност основано од едно лице

г) Општина: Охрид

Населено место: Долно Лакочереј

Улица и број: населено место без уличен систем бр.15

д)Дејност според НХД Рев.2 ( класа ) : 46.33 – трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење

| Ред.бр | Вид и назив на средствата | шифра | Единица мера | количина | | Штета во илјади денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Оштетени средства | Уништени средства | Оштетени средства | Уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| I | Средства во сопственост на правни лица | | | | | | |
| 1 | земјиште | 0100 | ha | | | | |
| 2 | Долгогодишни насади | | | | | | |
| 3 | Шуми и дивеч | 4100 | На | | | | |
| 4 | Добидочен фонд, пчелни семсјства, Живина и риби | 5910 | грла | | | | |
| 5 | Обртни средства | 6100 | Илјади денари | | | | |
| | овошје | 6370 | тони | 32 | | 492 | |
| | грозје | 6380 | тони | | | | |
| II | Средства и добра во сопственост на физички лица | | | | | | |
| 6 | Опрема | 2400 | парчиња | | | | |
| 7 | Добра во домаќинството | 7210 | парчиња | | | | |
| 8 | Други добра | 9600 | Илјади денари | | | | |
| 9 | Штети заради намалено производство или неостварен приход | | | 32 | | 492 | |

1) Ги опфаќа штетите 2300-2500

Табела 2. Количини на оштетени и уништени средства и проценети штети ( продолжение на Ш-03 )

| Ред. Бр. | Вид и назив на средствата | шифра | Единица на мера | количество | | Цена | Износ на штетата во денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Оштетени средства | Уништени средства | | Оштетени средства | Уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | јаболка | 6370 | t | 32 | | 33,00 | 492 | |

Процена на штета од 05 Образец Ш-07

Реден бр. на образецот 1

Преглед на проценетите штети во правните лица

2. Податоци за единица за која се врши процена

а) Назив на правно лице: ГЕН - ПРОМ увоз – извоз Долно Лакочереј Охрид ДООЕЛ

Име и презиме на сопственикот: Гоце Трајкоски

б) Матичен број на правното лице: 4341074

ЕМБГ на сопственикот: 1911973430005

Реден број на единицата во нејзин состав

в) Облик на организирање: 05.4 – друштво со ограничена одговорност основано од едно лице

г) Општина: Охрид

Населено место: Долно Лакочереј

Улица и број: населено место без уличен систем бр.15

д)Дејност според НХД Рев.2 ( класа ) : 46.33 – трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење

2. Причина на штетата и година: 05 –голомразица, 2025 година

| | Вкупно проценета штета | штета | |
|---|---|---|---|
| | | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Вкупно | 492 | 492 | |
| Земјиште | | | |
| Обртни средства | 492 | 492 | |

Процена на штета од 05 Образец Ш-03

Реден бр. на образецот 2

Штети на други средства и добра

3. Податоци за единица за која се врши процена

а) Назив на правно лице: Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЈАНГЦЕ увоз – извоз Охрид ДООЕЛ

Име и презиме на сопственикот: Јордан Коцевски

б) Матичен број на правното лице: 4946995

ЕМБГ на сопственикот: 2501983430011

Реден број на единицата во нејзин состав

в) Облик на организирање: 05.3 – друштво со ограничена одговорност

г) Општина: Охрид

Населено место: Љубаништа

Улица и број: ул.„Славеј Планина“ бр.33, Охрид

д)Дејност според НХД Рев.2 ( класа ) : 01.24 – одгледување на јаболчесто и коскесто овошје

| Ред.бр | Вид и назив на средствата | шифра | Единица мера | количина | | Штета во илјади денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Оштетени средства | Уништени средства | Оштетени средства | Уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| I | Средства во сопственост на правни лица | | | | | | |
| 1 | земјиште | 0100 | ha | | | | |
| 2 | Долгогодишни насади | | | | | | |
| 3 | Шуми и дивеч | 4100 | Ha | | | | |
| 4 | Добидочен фонд,<br>пчелни семсјства,<br>Живина и риби | 5910 | грла | | | | |
| 5 | Обртни средства | 6100 | Илјади денари | | | | |
| | овошје | 6370 | тони | 242 | | 20.205 | |
| | грозје | 6380 | тони | | | | |
| II | Средства и добра во сопственост на физички лица | | | | | | |
| 6 | Опрема | 2400 | парчиња | | | | |
| 7 | Добра во домаќинството | 7210 | парчиња | | | | |
| 8 | Други добра | 9600 | Илјади денари | | | | |
| 9 | Штети заради намалено производство или неостварен приход | | | 242 | | 20.205 | |

1) Ги опфаќа штетите 2300-2500

| Табела 2. Количини на оштетени и уништени средства и проценети штети ( продолжение на Ш-03 ) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Вид и назив на средствата | шифра | Единица на мера | количество | | Цена | Износ на штетата во денари | |
| | | | | Оштетени средства | Уништени средства | | Оштетени средства | Уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | цреши | 6370 | t | 100 | | 200,00 | 10.895 | |
| 2 | кајсии | 6370 | t | 25,6 | | 132,00 | 5.870 | |
| 3 | сливи | 6370 | t | 16,7 | | 40,00 | 183 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | праски | 6370 | t | 99,7 | | 120,00 | 3.257 | |

Процена на штета од 05 Образец Ш-07

Реден бр. на образецот 2

Преглед на проценетите штети во правните лица

4. Податоци за единица за која се врши процена
5. а) Назив на правно лице: Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЈАНГЦЕ увоз – извоз Охрид ДООЕЛ
6. Име и презиме на сопственикот: Јордан Коцевски
7. б) Матичен број на правното лице: 4946995
8. ЕМБГ на сопственикот: 2501983430011
9. Реден број на единицата во нејзин состав
10. в) Облик на организирање: 05.3 – друштво со ограничена одговорност
11. г) Општина: Охрид
12. Населено место: Љубаништа
13. Улица и број: ул.„Славеј Планина“ бр.33, Охрид
14. д)Дејност според НХД Рев.2 ( класа ) : 01.24 – одгледување на јаболчесто и коскесто овошје

2. Причина на штетата и година: 05 –голомразица, 2025 година

| | Вкупно проценета штета | штета | |
|---|---|---|---|
| | | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Вкупно | 20.205 | 20.205 | |
| Земјиште | | | |
| Обртни средства | 20.205 | 20.205 | |

Процена на штета од 05 Образец Ш – 8

Реден бр. на образецот:

**Просечни цени за процена на штета**

| Ред.бр. | Назив на позицијата на работа, материјалот и др. | Единица мера по стебло | Просечна цена кг/ден. |
|---|---|---|---|
| 1. | цреши | кг | 200,00 |
| 2. | Јаболка | кг | 33,00 |
| 3. | Праски | кг | 120,00 |
| 4. | Сливи | кг | 40,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Круши | кг | 132,00 |
| 6. | Лешник | кг | 170,00 |
| 7. | Ореви | кг | 170,00 |
| 8. | Кајсија | кг | 132,00 |

Напомена: податоците се добиени од просечни приноси за последните 3 години добиени од Заводот на статистика и просечни цени на Земјоделскиот пазарен информативен систем во периодот на увид на катастарските парцели за кои беше побаран надомест на штети.

Комисија

1.**Томе Наневски - дипл.гр. инг, с.р.**

**2.Кирил Танески - дипл.правник, с.р.**

**3.Бојан Митаноски– дипл.гр. инг, с.р.**

**4.Трајан Љаткоски дипл.шум.инг, с.р.**

**5.Вера Рауник - дипл.инг.агр, с.р.**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

На пресметани штети од појава на 05 –голомразица 2025 година

1. Овошни насади
   - Сопственост на физички лица 226.503.580,90
   - Сопственост на правни лица 20.697.879,00

----------------------------------------------------------------

Вкупно: 247.201.459,90

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/33**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008 , 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 ), член 36 став 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 18 став 6 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Мислењето на ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Охрид бр. 03-58/1 од 12.02.2026 година**,** Советот на Општина Охрид на седница одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

## ПРОГРАМА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2026 ГОДИНА

### Вовед

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2026 година.

Програмата дефинира 6 општи мерки за заштита на населението на општина Охрид од заразни заболувања, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

1) обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2) обезбедување хигиенски исправна вода во езерото;

3) отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);

4) вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други хигиенско- технички мерки на населени места и други јавни површини;

5) обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај,како и најавни места и

6) обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2026 година ќе се преземат следните мерки:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2026 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдувањето на општина Охрид го врши ЈП „ Водовод“ Охрид и тоа за населените места: Орман, Рача, Велгошти, Лескоец, Д.Коњско, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи кои се во системот ЈП „ Водовод“ Охрид се снабдуваат населените места: Трпејца, Љубаништа, Ливоишта, Вапила, Г.Лакочереј и Д.Лакочереј. Сопствени водоводи имаат селата: Рамне, Велестово, Косел, Сирула, Скребатно, Елшани, Расино, Опеница, Завој, Свињишта и Куратица.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи и тоа: Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**Планирани активности**

Согласно Правилникот за безбедност на водата ( „Сл.Весник на РМ“ бр.183/18), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје Охрид и Институтот за јавно здравје Скопје. Испитувањето на санитарно – хигиенска исправност заради можност од евентуални загадувања и спречување на ризик од заболување на населението, се врши два пати годишно на мостри на сирова вода (нехлорирана ) од 5 изворишта Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол во Институт за јавно здравје на РМ-Скопје. Испитувањата се земаат пред почеток и на крај на туристичката сезона. Исто така се врши испитување на квалитетот на водата и од мостри земени од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа.

На мострите испратени во ИЈЗРМ се вршат следните анализи:

- Проширена физичко - хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали;
- Анализа за присуство на пестициди
- Паразитолошка анализа и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Центарот за јавно здравје Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2026 година ќе врши еднаш неделно на 10 мерни места од системот за водоснабдување, а од останатите по една мостра месечно.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје Охрид се врши:

- Основна микробиолошка и хемиски анализа;
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи се прави и трета контрола од страна на вработените во ЈП „Водовод“ – Охрид. Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата. Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработените во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед.

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено се земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење, од мај до септември по 35 примероци месечно. Вкупниот број на земени примероци езерска вода минимум изнесува 170 според Националната програма за јавно здравје на РСМ. Испитување на квалитетот на водата кај градското пристаниште се врши и во јануари пред празникот Водици.

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали.

**Перманентни активности**

Покрај горе споменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници.

Вкупната должина на постојната канализациона мрежа изнесува околу 181,7 км, од кои:

- мешовита канализациона мрежа 41 км,
- фекална канализациона мрежа 94,7 км,
- атмосферска канализациона мрежа 45 км и
- 7 ( седум ) препумпни станици

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајни површини, одржувањето на пешачките патеки, детските игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирањето и депонирањето на собраниот смет се врши заради обезбедување на здрава и чиста средина.

Организираното собирање на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица „Комунална Хигиена“ на подрачјето на градот Охрид, како и во 24 населени места. Собирањето на отпадот во 2026 година ќе се врши секојдневно во потесното градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно. Во текот на летната сезона во потесното градско подрачје комуналниот отпад се врши четири пати во текот на денот.

Исто така ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика, стара хартија и стакло со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на Општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

**Планирани активности**

За превентивно спречување на појава од заразни болести одржувањето на канализационата мрежа ќе се врши секој ден во текот на 2026 година и тоа:

- Редовно одржување на линии - ќе се врши преглед и чистење на линии механичко и со пумпа. Работата ќе се одвива во две смени;
- Ќе се вршат интервенции на отклонување на дефекти и застои по пријава на граѓани, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година;
- Ќе се врши преглед на пумпните станици, механичката опрема, електро опремата, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година.

На седумте пумпни станици покрај секојдневното редовно контролирање во електричниот и механичкиот дел и ќе се вршат интервенции на чистење на јамите кај

сите седум пумпни станици, ќе се вршат и замени и поправки на делови од опремата - пумпи, мотори и сл.

- Тековно одржување на улична ( фекална ) канализациона мрежа км 181,7,
- Одржување на ревизиони, приклучни и прекршни шахти...бр.8000,
- Чистење на улични сливници.............................бр.1500,
- Планско темелно чистење на улична ( фекална ) и атмосферска.......... канализациона мрежа........................................................... км 181,7
- Електромашинско и механичко одржување на црпни станици ....... бр 7

**Перманентни активности**

Редовно се врши чистење на уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти. Собирањето на сметот се врши перманенто согласно динамиката предвидена со годишната програма за подигање на комуналниот отпад по денови и региони, а метењето на улиците се врши според категоризацијата на улиците. Редовно се прават контроли од страна на комунална инспекција.

**Вонредни активности**

Ќе се вршат околу 2.000 интервентни чистења уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Ќе се вршат чистења на локации каде има појава на т.н.диви депонии.

Ќе се врши и контрола по пријави на граѓани.

**4. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 ) треба да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училиштата и предучилишните установи, Студенскиот дом, социјалните установи, објекти за водоснабдување, пазарот, автобуските станици и другите јавни објекти, средствата за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на Општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување на превентивни мерки за заштита на населението од заразни болести од ЈЗУ „Центарот за Јавно здравје“ – Охрид, Локалната самоуправа на општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

**Планирани активности**

*Дезинсекција против комарци*

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат стално присуство на бројни популаци на комарци и други штетни инсекти во регионот на општина Охрид. Со цел редукција на комарците и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мерка ќе се допринесе во подобрување

и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава човекова околина неопходно е примената на општи и специфични мерки :

- Подигање на свеста на населението за здравствените ризици од комарците, крлежите и другите вектори преку едукација и информации, пропаганден материјал, информативни постери, флаери, летоци и нивна дистрибуција меѓу населението, соработка со медиумите со цел здраствена промоција .

**Рок:** во тек на годината

- Исушување на застојни води (бари) и остранување на сите предмети каде се задржува вода која претставува средина за множење на комарци,
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите

**Рок:** во тек на годината

- Евидентирање(мапирање ) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива, при што ќе достави информација за севкупната површина и достапноста на потенцијалните места за размножување на комарците.

**Рок:** јануари до март

- Изработка на Предлог програма за дезинсекција
- Ларвицидна дезинсекција

**Рок:** од март до септември

- Адултицидна дезинсекција

**Рок:** од мај до септември

- Мониторинг на спроведувањето и квалитетот на спроведената дезинсекција

**Рок:** Во тек на спроведување

Места кои треба да бидат третирани се: Охридското крајбрежје на потег од с. Подмоље до комплексот Св. Наум, подножјето на планината Галичица - населба Билјанини извори и централното градско подрачје до улица Железничка, Студенчишко блато и по потегот на реката Грашница и Коселска река.

Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во даденото подрачје. Ларвицидната и адултната дезинсекција ќе се врши согласно Акциониот план, односно од рана пролет до касна есен и да се спроведуваат на струрчен и организиран начин. Средствата со кои ќе се врши дезинсекцијата треба да бидат согласно препораките на Светската здравствена организација и да бидат регистрирани и одобрени од Секторот за хемикалии при Министерството за здравство. Извршителот на дезинсекцијата ќе се утврди во постапка и на начин согласно Законот за јавни набавки. По извршената дезинсекција, извршителот треба да достави извештај до Центарот за јавно здравје, до локалната самоуправа, до Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Инситутот за јавно здравје. Контролата на спроведената дезинсекција ќе ја вршат Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Институтот за јавно здравје.

**Дератизацијата** ќе се врши со поставување на висечки мамци или статички парафински блокови во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа на шахтите кои можат да се отворат, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода.

**Превентивната дератизација се спроведува двапати годишно** :

1. Пролетна дератизација (прв дел од дератизациониот процес) - 400 шахти

**Рок : од март до мај**

2. **Есенска дератизација** (втор дел од дератизациониот процес ) – 400 шахти

**Рок: од октомври до ноември**

**Два пати годишно** (пролет и есен) кога се очекува и најголема биолошка појава на штетни глодари треба да се третираат и други критични точки: јавни депонии и ѓубришта, околу семејни згради и куќи ( во подрумски простории, шупи) за да не се наруши хигиено- епидемиолошката состојба во општина Охрид. Доколку постојат предуслови дератизација ке се изведува и во селските населби.

**5.Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Охрид во тек на 2026 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студенски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

Планирањето и водењето на овие активности е во рамките на Агенција за храна.

За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ Охрид, ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2026 година. Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје. Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

Исто така ќе се испитува биолошкиот квалитет на храната преку конзумно-амалитичка метода, како и следење на нутритивниот статус во функција на рана детекција на прекурсори на можни здравствени ризици за појава на хронични незаразни заболувања. За превенирање на болестите поврзани со небезбедна храна во текот на 2026 год. Ќе се врши бактериолошка анализа на приготвената храна.

**6.Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Со здравствено воспитување во 2026 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населениото преку организирање собири, трибини и медиуми.

Исто така ќе се изготват едукативни материјали за подигање на свеста на населението и редовно ќе се држат предавања на тема хигиената на храната и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-2217/15**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЈГ ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2026-2028 ГОДИНА-ПОДПРОГРАМА ЈГЦ РЕАЛИЗАЦИЈА НА „ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА МОНИТОРИНГ И УПРАВУВАЊЕ СКАДА (SKADA) СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ НА ГРАД ОХРИД И ИЗРАБОТКА НА ГИС СИСТЕМ СО ИНТЕГРАЦИЈА НА ДВАТА СИСТЕМИ“

**СЕ ОБЈАВУВА** **Р**азвојна Програма ЈГ изградба на системи за водоснабдување за 2026-2028 година-Подпрограма ЈГЦ реализација на „Основен проект за мониторинг и управување СКАДА (SKADA) систем за водоснабдителен систем на град Охрид и изработка на ГИС систем со интеграција на двата системи“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/34**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЈГ**
**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2026-2028 ГОДИНА**

**ПОДПРОГРАМА ЈГЦ**
**Реализација на „ Основен проект за мониторинг и управување СКАДА ( SCADA) систем за водоснабдителен систем на град Охрид и изработка на ГИС систем со интеграција на двата системи“**

| Ред. Бр. | Ознака на подпрограмата | ОПИС | Предвидени средства | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **JGC** | Реализација на „ Основен проект за мониторинг и управување СКАДА ( SCADA) систем за водоснабдителен системна град Охрид и изработка на ГИС систем со интеграција на двата системи“ | 61.088.600,оо | Влада на РСМ преку Министерство за животна средина и просторно планирање |

Оваа Програма влегуваа во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2217/16**
**27.02.2026 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2026-2028**

**СЕ ОБЈАВУВА П**рограма за измена и дополнување на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2026-2028, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/35**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2026-2028**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2026-2028 донесена од страна на Совет на Општина Охрид со бр. 08-17532/7 од 25.12.2024 год.

***IV. Планови финансирани со приватни иницијативи***

**IV-1. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП**
**ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

**После точка 11 се додава точка 12**

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП УЗ 11 УБ 11.3 и ДУП за УЗ 11, УБ 11.3 – опфат 1, Општина Охрид | Прив.иницијатива |

***IV. Планови финансирани со приватни иницијативи***

**IV-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
**ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

**После точка 20 потточка 20.1 се додава потточка 20.2**

| | | |
|---|---|---|
| **20** | **Урбан Блок 10.3** | |
| 20.2 | ДУП за УЗ 10 УБ 10.3 – опфат 2 | Прив.иницијатива |

Оваа Програма за измени и дополнување на Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Оопштина Охрид“.

**Број 08-2217/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА ЗА ПЕРИОД ОД ПЕТ ГОДИНИ (ЈАНУАРИ 2026 - ЈАНУАРИ 2031)**

**СЕ ОБЈАВУВА П**рограма за измена и дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја за период од пет години (јануари 2026 - јануари 2031), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.02.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 5 и член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 89/08 и 152/15), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид, на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА ЗА ПЕРИОД ОД ПЕТ ГОДИНИ (ЈАНУАРИ 2026 - ЈАНУАРИ 2031)**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши измена и дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од пет години (јануари 2026 - јануари 2031) бр.08-17532/13 од 26.12.2025 година.

**Член 2**

Во Програмата, во делот „Предлог-иницијативи за подигање спомен- обележја“, се додава нова иницијатива како осумнаесетта (18) по ред, согласно Анекс-табелата која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Реализацијата на наведената иницијатива нема финансиски импликации врз Буџетот на Општина Охрид, бидејќи спомен-обележјето е обезбедено преку донации.

**Член 4**

Се задолжуваат надлежните општински служби да ја спроведат понатамошната постапка согласно законските прописи и важечката урбанистичка документација.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/18**
**27.02.2026 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ - СПОМЕН ПАРК, ПОСВЕТЕН НА ШЕСТАТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА И ГЕНЕРАЛОТ НА НОВ И ПОМ, НАРОДЕН ХЕРОЈ МИХАЈЛО МИТЕВ АПОСТОЛСКИ

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за подигање спомен - обележје - спомен парк, посветен на Шестата македонска бригада и Генералот на НОВ и ПОМ, народен херој Михајло Митев Апостолски, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/37**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 5 и член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 89/08 и 152/15), член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на Општина

Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во согласност со Програмата за измена и дополнување на програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за периодот 2026-2031 година, бр.08-2217/18 година, Советот на Општина Охрид, на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ - СПОМЕН ПАРК ПОСВЕТЕН НА ШЕСТАТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА И ГЕНЕРАЛОТ НА НОВ И ПОМ, НАРОДЕН ХЕРОЈ МИХАЈЛО МИТЕВ АПОСТОЛСКИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се покренува иницијатива за подигање спомен-обележје - спомен парк, посветен на Шестата македонска бригада и Генералот на НОВ и ПОМ, народен херој Михајло Митев Апостолски, како трајно обележје од историско, културно и државотворно значење.

**Член 2–**

**Историско и општествено образложение -** Спомен-паркот се подига во чест на значајниот придонес на Шестата македонска бригада и Генералот Михајло Митев Апостолски во Народноослободителната борба и во процесот на создавање на македонската државност.

– бил командант на НОВ и ПОМ, под чија команда дејствувале 33 оперативни бригади;

– бил член на Претседателството на АВНОЈ;

– член на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ;

– учесник на Првото заседание на АСНОМ и член на неговиот Президиум;

– академик, воен теоретичар и историчар;

– претседател на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) во период од седум години.

Со подигањето на спомен-паркот се придонесува кон зачувување на историската меморија, афирмација на антифашистичките вредности и едукација на идните генерации.

**Член 3**

Спомен-обележјето претставува донација обезбедена од донатори и неговата реализација не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Општина Охрид.

Општина Охрид ќе обезбеди поставување на постамент за спомен-обележјето, чистење, одржување и хортикултурно уредување на спомeничната целина.

**Член 4**

Локацијата за поставување на спомен-обележјето ќе се утврди во просторот на поранешната касарна во Охрид, согласно важечката урбанистичка документација, по спроведена постапка од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 5**

Одделението за култура и другите надлежни општински служби се задолжуваат да ја спроведат постапката за реализација на оваа Одлука согласно законските прописи.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-2217/19**
**27.02.2026 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ПРЕСМЕТКА И НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Правилникот за регулирање на процесот на пресметка и наплата на наноместокот за уредување градежно земјиште, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 09- 2217/38**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ПРЕСМЕТКА И НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за регулирање на процесот пресметка и наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, број 09-17677/1, донесен на ден 23.12.2025 година од страна на Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 2**

Со донесувањето на оваа Одлука се овластуваат Градоначалникот/Секретарот на општина Охрид да даваат согласност на инвеститорите за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за можноста да се плаќа на рати. Максималниот број на рати е уреден во горенаведениот Правилник.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2217/20**
**27.02.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски, с.р.**

Бр. 08 - 17677/1
23.12 25

# ПРАВИЛНИК ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ПРЕСМЕТКА И НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Предмет:** Со оваа постапка - процедура се утврдува постапката за подготовка на пресметката за плаќање на надоместокот за уредување градежно земјиште и начинот и рокот на плаќање на горенаведениот надоместок.

**Законска и правна регулатива:**
1. Закон за градежно земјиште;
2. Закон за градење;
3. Закон за управна постапка;
4. Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
и прописите утврдени од Советот на општина Охрид.

**Цел:**

Навремена, точна и ефикасна наплата на приходи по основ надоместокот за уредување градежно земјиште.

**Намена на прибраните средства по основ надоместок за уредување на градежно земјиште**

- изградба на сообраќајна инфраструктура
- водоводна и канализациона мрежа
- јавно осветлување
- други комунални инфраструктурни објекти предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште

Начинот на пресметка на надоместокот за уредување на градежно земјиште е уреден со Одлука на Совет за утврдување на висината на надоместокот, изразена во денари по м2.

**Инволвирани лица(приказ на поделба на должности-распределба на обврски и одговорности):**

1. Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици;
2. Овластено лице за подготовка на пресметки и договори за регулирање на плаќање на надоместокот за уредување градежно земјиште;
3. Сектор за финансисиски прашања;
4. Градоначалник на општината и
5. Архива

**Ризици:** ненавремено издавање пресметки, погрешна пресметка, ненавремена и неефикасна наплата, преценување на приходите, необезбедена наплата, непреземемени правни дејствија...и сл.

Чекор 1: По подготовка на предмер пресметката а пред склучување на договорот за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, инвеститорот до општината доставува барање за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште;

Чекор 2. Овластеното лице за подготовка на пресметки за плаќање на надоместокот за уредување градежно земјиште изготвува пресметка која ја доставува до инвеститорот преку системот Е-урбанизам; По подготовка на пресметката се подготвува и договор во кој се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни кој се прикачува на Е-урбанизам во документација на предметот и служи за добивање на одобрение.

*** Во случај кога инвеститорот ќе изврши еднократна уплата на целиот износ за уредување на градежно земјиште, се издава потврда за извршена уплата која се прикачува на Е-урбанизам во документација на предметот и служи за добивање на одобрение.

Во случај кога инвеститорот сака надоместокот да го уплати на рати, до општината поднесува барање за плаќање на рати(образецот е составен дел на овој акт).
Потврдата за извршено плаќање во овој случај се издава по уплатата на последната рата.

**2. Обработка на пресметката за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Пред изготвување на договорот, по добиената проектна документација од Секторот за урбанизам, се подготвува пресметка која се прикачува на Е-урбанизам во документација на предметот и на тој начин се информира инвеститорот со цел негово изјаснување за начинот на подмирување на надоместокот.
**Временски период за кој треба да се изготви и прикачи ПРЕСМЕТКАТА за плаќање на надоместокотот на системот -Е-урбанизам изнесува 10 (десет) дена сметано од денот на прием на документацијата од Секторот за урбанизам .**
**Временски период за кој треба да се изјасни инвеститорот преку достава на барање за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 30 дена сметано од денот на прикачување на пресметката во системот.**
**Во барањето за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, инвеститорот има можност надоместокот да го плати на максимум 12 месечни рати. Барањето за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во случај кога инвеститорот бара плаќе на рати, одобрение/согласност дава Градоначалникот/Секретарот на општина Охрид.**

Изготвените документи се доставуваат за контрола и одобрување до повисоките нивоа на раководство.

**4. Начин на плаќање**

Плаќањето на утврдениот надоместок за уредување на градежно земјиште согласно Законот за уредување на градежно земјиште може да се врши:

**** еднократно во рок од 10(десет) дена сметано од денот на прием на пресметката или
**** на 12 еднакви месечни рати.

Во случај, барателот да го избере вториот модул на плаќање, задолжително, писмено се обраќа до Секторот за комунални дејности, заради регулирање на обврските и правата на двете договорни страни.

Во барањето се наведува износот на надоместокот, бројот на месечни рати(можност за плаќање на максимум 12 месечни рати) и видот на инструментот за обезбедување на плаќањето( банкарска гаранција или хипотека на недвижен имот).

Плаќањето на рати може да се одобри под следниве услови: да не постојат доспеани а ненаплатени обврски кон општината и да се обезбеди со соодветна гаранција( банкарска гаранција или хипотека на недвижен имот).

Доколку инвеститорот како обезбедување на плаќање се одлучи да ја користи хипотеката на недвижен имот како инструмент, се склучува посебен договор, врз основа на кој хипотеката задолжително се упишува во катастарската евиденција.

Во случај на доцнење, инвеститорот може да побара продолжување на рокот за подмирување, за чие одобрение се изготвува Анекс кон основниот договор за уредување на градежно земјиште.

Во случај на доцнење во кое не е поднесено барање за продолжување на рокот за плаќање, општината има право да го раскине договорот, да го прогласи целиот преостанат долг за веднаш доспеан и да го активира средството за обезбедување.

Анексот за продолжување на рокот за подмирување на надоместокот за уредување на градежно земјиште се одобрува со Решение донесено од страна на Градоначалникот на општината. Барање за продолжување на рокот за подмирување на надоместокот, инвеститорот е должен да достави најкасно 30 дена пред истекот на важноста на банкарската гаранција или рокот за реализација на хипотеката.

Максимален период за кој може да се продолжи периодот за подмирување на надоместокот изнесува 6 месеци или 6(шест) месечни рати.

За доцнење кое не е регулирано со Анекс, се пресметува и затезна камата.

**6. Водење на регистар за издадени пресметки за уредување на градежно земјиште**

Од страна на раководителот на секторот за комунални дејности, сообраќај и улици, назначено е лице кое има за задача да води регистар на издадени пресметки; Регистарот се води во excel табела.

**7. Водење на регистар за договори за плаќање на рати**

Секторот за финансиски прашања води посебна евиденција за склучени договори за рати, редовно ја следи наплатата и да презема мерки согласно законската регулатива и донесените интерни акти.

**Прилог:** ФОРМУЛАРИ: барање за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште

**Контролирал:** Тони Иваноски, раководител

**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков**

**ОПШТИНА ОХРИД**

**Согласен**
**Градоначалник/Секретар на општина Охрид**

---------------------------------------------------------

**До**
**Општина Охрид**

**Барање за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Инвеститор: ------------------------------------------------------------------------------------------

Број на предмет:----------------------------------------------------------------------------------------

Вкупен износ на надоместок за уредување на градежно земјиште изразен во денари

-------------------------------------------------, денари;

Начин на плаќање( изборот на модулот се врши со заокружување):

Модул 1: Еднократно

Модул 2: На месечни рати

Инструмент за обезбедување на плаќањето( во случај на користење на вториот модул)

1. Банкарска гаранција
2. Хипотека на недвижен имот.

Број на рати на кои ќе се изврши плаќањето(максимум 12 рати)---------------------------

Со почит,

Барател,

____________________